Годишна информација за плаќањата во Република Северна Македонија во 2021 година

Народна банка на Република Северна Македонија

СОДРЖИНА

РЕЗИМЕ 2
1. ПЛАТЕЖНИ ТРАНСАКЦИИ 5
1.1 КРЕДИТНИ ТРАНСФЕРИ ИНИЦИРАНИ ОД ФИЗИЧКИТЕ И ПРАВНИТЕ ЛИЦА 6
1.2 ПЛАТЕЖНИ КАРТИЧКИ 8
2. ПЛАТЕЖНА ИНФРАСТРУКТУРА 11
2.1 ТРАНСАКЦИСКИ СМЕТКИ 11
2.2 ПЛАТЕЖНИ КАРТИЧКИ, УРЕДИ НА МЕСТА НА ПРОДАЖБА И БАНКОМАТИ 14
3. ПЛАТНИ СИСТЕМИ ВО ЗЕМЈАТА 17

РЕЗИМЕ

Промените на навиките на граѓаните и компаниите, односно ползувањето на придобивките од дигитализацијата на пазарот на платежни услуги, во одреден обем произлезени од појавата на корона-кризата, и натаму се видливи преку зголеменото користење на платежните картички и дигиталните канали за извршување на плаќањата.

Бројот и вредноста на плаќањата[1] во Република Северна Македонија преку сметките на корисниците на платежните услуги расте и во текот на 2021 година. Така, **вкупниот број плаќања остварени во текот на 2021 година од 176 милиони е поголем за 26,7% од бројот на плаќања остварени во 2020 година, додека вредноста на плаќањата забележа раст од 63,3% за истиот споредбен период** и изнесуваше **5.714 милијарди денари во 2021 година**. Притоа, платежните картички беа популарни меѓу корисниците на платежни услуги и во овој период (годишен раст од 29,1%), со што нивното учество во вкупниот број плаќања и натаму е големо и достигна 58,1%. Истовремено, кредитните трансфери иницирани електронски забележаа годишен раст од 32,5%, што придонесе за зголемување на нивното учество за 1 п.п. во вкупниот број плаќања, за сметка на намалувањето на учеството од 2.1 п.п. кај кредитните трансфери иницирани на хартија.

Вкупниот број плаќања извршени со кредитни трансфери иницирани од страна на физичките и правните лица во земјата во 2021 година изнесуваше 65,7 милиони и забележа годишен раст од 10,2%. Во структурата на кредитните трансфери од аспект на корисникот и натаму преовладуваат правните лица со 65,9% додека, пак, остатокот од 34,1% се иницирани од физичките лица. Иако електронски иницираните кредитни трансфери во наведениот период забележаа силен раст и достигнаа најголемо учество од 51,7% во вкупниот број кредитни трансфери, сепак сè уште е видливо високото учество на кредитните трансфери иницирани на шалтерите на банките во хартиена форма. Притоа, и покрај претежната употреба на персоналните сметачи за иницирање електронски кредитни трансфери со учество од 60,1%, граѓаните значително ги користат привилегиите и удобноста од употребата на апликациите на мобилен телефон (39,3% или зголемување на учеството на мобилните апликации од 6,6 п.п., за сметка на намалувањето на учеството на персоналните сметачи за 6,5 п.п. во споредба со 2020 година), а мал дел од населението користело банкомати за иницирање плаќања. За разлика од физичките лица, правните лица 62,8% од вкупните кредитни трансфери ги извршиле електронски. Кај правните лица, состојбата е слична како и во минатата година, односно преовладува употребата на персоналниот сметач, и тоа дури со 98,2%, а само 1,8% за таа цел ги користеле мобилните банкарски апликации коишто забележаа зголемување на своето учество за 0,4 п.п., во споредба со 2020 година.

[1] Плаќањата се однесуваат на трансакциите на физичките и правните лица, освен секторот „монетарни финансиски институции". Се вклучуваат сите трансакции кај кои физичките и правните лица се плаќач и/или примач на плаќањето. Платните инструменти што се користат за извршување на плаќањата во Република Северна Македонија се кредитните трансфери и платежните картички, додека чековите беа во употреба до 2007 година, а директните задолжувања сè уште не се воведени како платен инструмент.

Во 2021 година е забележан постојан раст на плаќањата со платежни картички за купување производи и услуги од страна на нивните корисници. Растот на плаќањата во трговијата со платежни картички издадени од домашни издавачи на физичките и виртуелните места на продажба, лоцирани во земјата, во 2021 година беше силен и изнесуваше 22,7% и е зголемен за 5,5 п.п. во споредба со 2020 година (17,2%). И натаму се бележи тренд на пораст на структурното учество на бројот на трансакции на физичките места на продажба за 2 п.п., достигнувајќи 71% во 2021 година, предизвикано од високиот годишен раст од 25,9%, за сметка на намаленото учество на трансакциите за повлекување готовина од банкоматите (20%) коишто забележаа поумерен раст од 8,9%. Како резултат на промената на навиките и културата на плаќањата на граѓаните и компаниите, употребата на платежните картички на домашните виртуелни (интернет) места на продажба забележа висок годишен раст од 32,4%, иако нивното учество и натаму е стабилно и сè уште е на релативно ниско ниво (учество од 8%).

Вкупниот број платежни картички на крајот од 2021 година изнесуваше 2,1 милион издадени картички, при што картичките засновани на бесконтактна технологија коишто овозможуваат извршување брзи и ефикасни плаќања преовладуваа во вкупниот број платежни картички (68,3%). На крајот од 2021 година, порасна и бројот на дигитализираните платежни картички за вршење плаќања преку мобилни телефони и преку други паметни уреди за вршење бесконтактни плаќања, на 43.638, од кои најголемиот процент (75,7%) се дигитализирани платежни картички со дебитна функција, а остатокот им припаѓа на дигитализираните платежни картички со кредитна функција. Растот на контактно-бесконтакните картички воедно беше проследен со истовремен раст на бројот на уредите за извршување бесконтактни плаќања, на уредите на физичките места на продажба коишто поддржуваат бесконтактни плаќања, раст на бројот на банкоматите со функција за депонирање готовина, како и на уредите за електронски трансфер на средства на физичките и виртуелните места на продажба, коешто е поддршка на сè поголемата употреба на дигиталните бесконтактни плаќања во услови на ковид-19 пандемијата.

Имајќи предвид дека **поседувањето трансакциска сметка** е прв чекор кон финансиска вклученост на населението, на крајот на 2021 година граѓаните располагале во просек со 1,9 сметки по глава на жител. **Од аспект на возрасната структура**, граѓаните од возрасните групи од 35 до 54 години, на кои им припаѓаат 28% од вкупното население, се сопственици на најголемиот број сметки на резидентите (39,6%), или 2,6 сметки по глава на жител, во просек. Овие возрасни групи преовладуваат во активното користење на сметките за извршување плаќања преку интернет-банкарство или мобилни платежни апликации учествувајќи со една половина во вкупниот број сметки на активни плаќачи и со 45% во вкупниот број сметки на активни пристапувачи. Притоа, помладата популација, односно сопствениците на сметките на возраст до 34 години, користи електронски пристап на над 65% од сметките и извршува електронски плаќања со околу 25% од сметките, а располагала со 0,2 сметки по глава на жител на активни плаќачи, во просек, односно со 0,5 сметки по глава на жител на активни пристапувачи. Понатаму, сопствениците на сметките на возраст од 35 до 54 години се движат малку над просекот во употребата на дигиталните услуги како за пристап до сметките така и за извршување на

плаќањата (0,2 сметки по глава на жител на активни плаќачи, односно 0,5 сметки по глава на жител, на активни пристапувачи). Сопствениците од другите повозрасни групи значително помалку ги користат дигиталните канали, што укажува на фактот дека употребата на дигиталните услуги е обратнопропорцинална од возраста на сопствениците на сметките. Сепак, во однос на минатата година се забележува поголема употреба на дигиталните услуги кај сите возрасни групи, што доведува до поместување на учеството и на сметките со електронски пристап и на сметките за електронски плаќања. Од друга страна, граѓаните на возраст над 65 години се сопственици на најмал број сметки на активни плаќачи (7,2%) коешто произлегува од веројатноста за пониската финансиска вклученост и користење на дигиталните канали за плаќање од страна на овие возрасни групи. Сепак, овие граѓани релативно поактивно ги користеле платежните картички за повлекување готовина, учествувајќи со 17,8% во вкупниот број трансакции за повлекување готовина на банкоматите во земјата.

Од аспект на инфраструктурната покриеност по општини за извршување на платежните трансакции, најголема покриеност со банкомати на десет илијади жители е забележана во Скопје (10), Дојран (10) и Гевгелија (9), додека, пак, најголема покриеност со уреди на физичките места на продажба е евидентирана во Скопје (566), Гевгелија (325) и Охрид (299). Во рамките на Градот Скопје, најголема покриеност со банкомати и уреди на физичките места на продажба имаат општините Центар, Аеродром и Карпош.

1. ПЛАТЕЖНИ ТРАНСАКЦИИ

Графикон 1
Учество во вкупниот број безготовински трансакции (%)

Графикон 2
Број на трансакции со кредитни трансфери и платежни картички, по глава на жител



Извор: НБРСМ и ЕЦБ

Вкупниот број на плаќањата[2] во земјата во 2021 година изнесуваше 176 милиони трансакции и забележа годишен раст од 26,7%, при истовремен раст од 63,3% на нивната вредност којашто достигна 5.714 милијарди денари. Промените на навиките на граѓаните и компаниите се однесуваат на сè почесто ползување на придобивките од дигитализацијата на пазарот на платежни услуги, што во одреден обем произлегуваат од појавата на корона-кризата, и натаму се видливи преку зголеменото користење на платежните картички и дигиталните канали за извршување на плаќањата. Така, во 2021 година е забележан висок годишен раст од 29,1% на бројот на трансакции со платежни картички, што придонесе за зголемување на нивното учество од 1,1 п.п. во вкупниот број плаќања и достигна 58,1%. Истовремено, кредитните трансфери иницирани електронски забележаа годишен раст од 32,5%, што придонесе за зголемување на нивното учество за 1 п.п. во вкупниот број плаќања, за сметка на намалувањето на учеството од 2.1 п.п. кај кредитните трансфери иницирани на хартија.

[2] Плаќањата се однесуваат на трансакциите на правните и физичките лица (без секторот монетарни финансиски институции - МФИ). Немонетарни финансиски институции (неМФИ)" се секое физичко и правно лице коешто не му припаѓа на секторот на МФИ. За целите на платежната статистика, давателите на платежни услуги не се вклучуваат во секторот на неМФИ. Платните инструменти што се користат за извршување на плаќањата во Република Северна Македонија се кредитните трансфери и платежните картички, додека чековите беа во употреба до 2007 година, а директните задолжувања сè уште не се воведени како платен инструмент.

Споредбената анализа на податоците за плаќањата со безготовински платни инструменти во земјата, во однос на постарите земји членки на ЕУ[3,4] и на земјите од групата ЦИЈЕ[5] покажува дека во земјата преовладува користењето на платежните картички со кои во 2021 година се извршени 53 трансакции по глава на жител, а со кредитните трансфери 12 трансакции по глава на жител, што е значително помалку во споредба со просечниот број трансакции извршени со овие платни инструменти кај старите земји членки на ЕУ и земјите од групата ЦИЈЕ. Имено, во старите земји членки на ЕУ, со платните инструменти платежни картички и кредитни трансфери се извршени 207, односно 98 трансакции по глава на жител, во просек, што е значително повеќе во споредба со просекот на земјите ЦИЈЕ, каде што се извршени 112, односно 71 трансакции по глава на жител, соодветно. Најголем број трансакции по глава на жител со платежните картички се остварени во Данска (379), Финска (348), Шведска (328), а најмалку во Романија (52), што е блиску до користењето платежни картички во РСМ, додека, пак, најмала употреба е забележана кај Бугарија (31). Со кредитните трансфери, најголем број трансакции по глава на жител се остварени во Финска (196), Данска (170), Холандија (167) и Шведска (167), а најмалку во Шпанија (28), Италија (27) и Романија (20), што укажува на тоа дека во РСМ најмалку се користат кредитните трансфери, во споредба со земјите од ЕУ (старите земји членки на ЕУ и земјите од групата ЦИЈЕ).

1.1 КРЕДИТНИ ТРАНСФЕРИ ИНИЦИРАНИ ОД ФИЗИЧКИТЕ И ПРАВНИТЕ ЛИЦА

Вкупната вредност на плаќањата извршени со кредитни трансфери иницирани од страна на физичките и правните лица во земјата во 2021 година изнесуваше 3.755 милијарди денари и забележа годишен раст од 9,6%. Годишен раст од 10,2% е остварен и кај вкупниот број плаќања со овој инструмент, коишто изнесуваа 65,7 милиони трансакции.

Во структурата на бројот на кредитни трансфери од аспект на корисникот и натаму преовладуваат правните лица со 65,9% додека, пак, остатокот од 34,1% се иницирани од физичките лица. Од почетокот на корона-кризата забележливо е дека физичките лица сè почесто ги користеле придобивките на електронското банкарство, при што електронските кредитни трансфери во 2021 година забележаа годишен раст од 25,3%. Сепак, сè уште преовладува иницирањето на плаќањата на шалтерите на банките со учество од 69,7% во вкупниот број кредитни трансфери. Притоа, и покрај претежната употреба на персоналните сметачи за иницирање електронски кредитни трансфери со учество од 60,1%, граѓаните значително ги користат привилегиите и удобноста од употребата на апликациите на мобилен телефон (39,3% или зголемување на учеството на мобилните апликации од 6,6 п.п., за сметка на намалувањето на учеството на персоналните сметачи за 6,5 п.п. во

[3] Последни расположливи податоци за земјите од ЕУ се однесуваат на 2020 година и се преземени од базата на податоци на Европска централна банка.

[4] Австрија, Белгија, Германија, Грција, Данска, Ирска, Италија, Португалија, Финска, Франција, Холандија, Шведска и Шпанија.

[5] Бугарија, Естонија, Кипар, Латвија, Литванија, Полска, Република Чешка, Романија, Словачка, Словенија, Унгарија и Хрватска.

Графикон 3

Број на трансакции со кредитни трансфери по глава на жител, според начинот на иницирање на плаќањето

Извор: НБРСМ и ЕЦБ

споредба со 2020 година), а мал дел од населението користело банкомати за иницирање плаќања. За разлика од физичките лица, правните лица 62,8% од вкупните кредитни трансфери ги извршиле електронски. Кај правните лица, состојбата е слична како и во минатата година, односно преовладува употребата на персоналниот сметач, и тоа дури со 98,2%, а само 1,8% за таа цел ги користеле мобилните банкарски апликации коишто забележаа зголемување на своето учество за 0,4 п.п., во споредба со 2020 година.

Табела1

Кредитни трансфери како безготовински платен инструмент за физички и правни лица (учество во %)

Број на Кредитни трансфери (структурно учество на физички и правни лица)	2019		2020		2021	
	Физички лица (%)	Правни лица (%)	Физички лица (%)	Правни лица (%)	Физички лица (%)	Правни лица (%)
Според иницијаторот на плаќањето	29,9	70,1	28,7	71,3	34,1	65,90
Според начинот на иницирање						
хартиени	78,0	46,0	68,2	40,4	69,7	37,2
електронски	22,0	54,0	31,8	59,6	30,3	62,8
Според уредот на којшто се иницирани електронските кредитни трансфери						
персонален сметач	75,0	98,9	66,6	98,6	60,1	98,2
мобилен телефон	24,0	1,1	32,7	1,4	39,3	1,8
банкомат	1,0	/	0,7	/	0,6	/
Учество на трајните налози во вкупни Кредитни трансфери	**18,3**	**0,2**	**16,7**	**0,2**	**17,9**	**0,2**

Извор: НБРСМ.

Употребата на трајниот налог, како поткатегорија на кредитен трансфер со кој се овозможува извршување на безготовинското плаќање врз основа на договорен однос помеѓу имателот на трансакциската сметка и банката[6], бележи благ раст од 1,2 п.п. кај

[6] Со склучувањето на договорот, имателот на трансакциската сметка како плаќач ѝ одобрува на банката да издаде налог за плаќање на товар на неговата трансакциска сметка и да го спроведе плаќањето во одреден износ во полза на одреден примач, на пример плаќање сметки за електрична енергија, вода и други услуги.

физичките лица, при што неговото учество во вкупните кредитни трансфери изнесува 17,9%.

Иако електронскиот начин на иницирање на плаќањата заради неговата ефикасност, практичност и безбедност во услови на пандемија сè повеќе се прифаќа во земјата, сепак споредбените податоци за остварени трансакции по глава на жител, покажуваат дека во земјата има релативно низок број електронски иницирани трансакции со кредитни трансфери (4) по глава на жител, во споредба со просекот на старите земји членки на ЕУ и земјите од ЦИЈЕ, каде што бројот на трансакции со електронски иницирани кредитни трансфери изнесува 95 и 60 трансакции по глава на жител, соодветно. Притоа, електронското иницирање кредитни трансфери по глава на жител преовладува во Данска (168), Холандија (166) и Белгија (152), додека земји каде што кредитните трансфери се иницираат претежно на шалтерите на банките се Бугарија (26) и Италија (12).

1.2 ПЛАТЕЖНИ КАРТИЧКИ

Вкупната вредност на трансакции со платежни картички издадени од домашни издавачи на уреди лоцирани во земјата во 2021 година изнесува 268 милијарди денари и забележа висок годишен раст од 17,5%. Исто така, вкупниот број трансакции забележа висок годишен раст од 22,7% и изнесуваше 132,5 милиони трансакции. Притоа, и натаму има тренд на пораст на структурното учество на бројот на трансакции на физичките места на продажба за 2 п.п., достигнувајќи 71% во 2021 година, предизвикано од високиот годишен раст од 25,9%, за сметка на намаленото учество на трансакциите за повлекување готовина од банкоматите (20%) коишто забележаа поумерен годишен раст од 8,9%. Како резултат на промената на навиките и културата на плаќањата на граѓаните и компаниите, употребата на платежните картички на домашните виртуелни (интернет) места на продажба забележа висок годишен раст од 32,4%, иако нивното учество и натаму е стабилно и сè уште е на релативно ниско ниво (учество од 8%).

Вредноста на трансакциите со платежни картички издадени во земјата на уредите лоцирани во странство во 2021 година изнесуваше 18,9 милијарди денари и бележи висок годишен раст од 79,5%, во однос на минатата 2020 година. Значително висок годишен раст од 55,9% во 2021 година е забележан и кај бројот на плаќањата со овие картички, при што се извршени 8,8 милиони трансакции. Од аспект на бројот на извршени трансакции, забележана е зголемена употреба на платежните картички на виртуелните (интернет) места на продажба на странски субјекти со годишен раст од 66,3%, што придонесе за зголемување на нивното учество од 2 п.п. коешто достигна 33% во 2021 година, за сметка на намалувањето на структурното учество на плаќањата на уредите на физичките места на продажба (при забележан годишен раст од 53,8%) и повлекувањето готовина на банкоматите (при забележан годишен пад од 4,3%) за 1 п.п., соодветно, во однос на 2020 година.

При користењето на платежните картички издадени во странство на уреди лоцирани во земјата во 2021 година се забележува висок годишен раст од 65,5%, при што беа остварени трансакции во вредност од 29,9 милијарди денари. Со овие картички се извршени 8,1 милион трансакции, при што е

Графикон 4
Учество во вкупниот број трансакции со платежни картички



Извор: НБРСМ

остварен годишен раст од 82,5% предизвикан од високиот годишен раст на трансакциите на физичките места на продажба од 94,1%, како и од растот на трансакциите на виртуелните места на продажба од 58,4%. Високиот раст на бројот на трансакциите се должи на отворањето на границите и олеснетите процедури за влез на нерезидентите во нашата земја во втората година од пандемијата. Притоа, анализирано од аспект на навиките на употребата на странските платежни картички во земјата, и во текот на 2021 година има сè поголема употреба за плаќања на физичките места на продажба чиешто учество порасна за 5 п.п. и достигна 78%, за сметка на намалувањето на повлекувањето готовина од банкоматите за 4 п.п. (учество од 16%) и намалувањето на нивната употреба на виртуелните места на продажба за 1 п.п. (учество од 6%).

Анализирајќи го користењето на платежните картички по возрасни групи[7], се согледува дека околу една четвртина од бројот на трансакциите остварени во трговијата во земјата со платежни картички издадени во земјата во 2021 година биле извршени од возрасната група од 35 до 44 години. Оваа возрасна група направила најголем број трансакции по глава на жител на физичките места на продажба (89), а помал на виртуелните места на продажба (6). Понатаму, истата возрасна група на 981 банкомат во земјата остварила 21 трансакција по глава на жител за повлекување готовина. Во извршувањето на трансакциите остварени во странство со платежни картички издадени во земјата преовладуваат трансакциите извршени од возрасната група од 25 до 34 години

[7] За целите на платежната статистиката, населението е поделено во следниве возрасни групи: 15 – 24 години, 25 – 34 години, 35 – 44 години, 45 – 54 години, 55 – 64 години, 65 – 74 години и над 74 години.

(30%) при извршени 6 трансакции по глава на жител на физичките места на продажба и 3 трансакции по глава на жител на виртуелните места на продажба.

Графикон 5
Број на трансакции со платежни картички издадени во земјата, остварени во земјата, по возрасни групи, по глава на жител



Графикон 6
Број на трансакции со платежни картички издадени во земјата, остварени во странство, по возрасни групи, по глава на жител



Извор: НБРСМ

Врз прифаќањето на платежните картички како платен инструмент во земјата влијаат, меѓу другите фактори, и надоместоците коишто банките и другите финансиски институции ги наплатуваат од трговците за поставената инфраструктура (ПОС-терминали) за прифаќање на плаќањата со платежни картички. Во таа смисла, во 2021 година, **просечниот надоместок којшто прифаќачите на платежни картички[8] (банките и другите финансиски институции) го наплатиле од трговците изнесуваше 1,19% од вредноста на прометот и забележа мал пад од 0,02 п.п. во споредба со 2020 година.**

[8] Прифаќачи на платежни картички во Република Северна Македонија се банките и „Динерс клуб интернационал Мак" ДООЕЛ Скопје, како финансиско друштво за финансиска активност за издавање и администрирање кредитни картички. „Динерс клуб интернационал" е тристрана платежна шема којашто самата дава услуги на прифаќање трансакции и услуги на издавање платежни картички.

Графикон 7
Надоместоци на продажното место по вид на дејност на трговецот (%)



Извор: НБРСМ

Од аспект на дејноста на трговецот, **највисок надоместок од (1,67%) се наплатува за услугите од „државните институции" и „игри на среќа" (1,66%),** коишто не забележуваат значителни промени во однос на минатата година. Од друга страна, и во 2021 година исто како и во претходните години, најнизок е надоместокот кај „бензинските станици" (0,75%) којшто бележи намалување од 0.13 п.п., додека другите дејности коишто бележат надоместоци под просечниот надомест (1,19%) во 2021 година се: „фармацијата" (1,12%), „прехранбените производи" (1,10%), „ИТ и бела техника" (1,03%). Во споредба со 2020 година, анализата покажува дека дејностите со највисоко зголемување на надоместокот се „јавни и комунални дејности" и „изнајмување превозни средства" со 0,14 п.п. и со 0,10 п.п., соодветно.

2. ПЛАТЕЖНА ИНФРАСТРУКТУРА

2.1 ТРАНСАКЦИСКИ СМЕТКИ

Вкупниот број трансакциски сметки во земјата отворени кај деловните банки на крајот на 2021 година изнесува 3,78 милиони и бележи мал годишен пад од 1,1%. Од вкупниот број трансакциски сметки, 95,1% се сметки на физички лица коишто бележат годишен пад од 1,1%, додека остатокот од 4,9% се сметки на правни лица коишто бележат минимален годишен раст од 0,1%. Притоа, 44% од трансакциските сметки на физичките лица (1,6 милиони сметки) се достапни за увид во состојбата и промените на сметките по електронски пат, а околу една третина од трансакциските сметки достапни за увид во состојбата и промените овозможува иницирање плаќања преку интернет-банкарство или мобилна платежна апликација. Во однос на правните лица, 64% од нивните трансакциски сметки (0,1 милион сметки) се достапни за увид во состојбата и промените на сметките по електронски пат, а околу две третини од трансакциските сметки достапни за увид во состојбата и промените

овозможуваат иницирање плаќања преку интернет-банкарство или мобилна платежна апликација.

Табела 2
Трансакциски сметки

2021 година								
Трансакциски сметки			*од кои:* Сметки достапни преку ПС или друг уред **само за извештаи**			*од кои:* Сметки достапни преку ПС или друг уред **за плаќања и извештаи**		
Вкупно	*ФЛ*	*ПЛ*	*Вкупно*	*ФЛ*	*ПЛ*	*Вкупно*	*ФЛ*	*ПЛ*
3.777.495	**3.592.858**	**184.637**	**1.714.863**	**1.597.241**	**117.622**	**640.283**	**565.006**	**75.277**

Извор: НБРСМ

Поседување трансакциска сметка е прв чекор кон финансиска вклученост на населението, при што од особено значење за финансиската вклученост во земјата е и согледувањето на поседувањето и активноста на употребата на трансакциските сметки за вршење електронски плаќања од аспект на **родовата структура и старосната структура по возрасни групи.**

Анализирано од аспект на родовата структура на населението е забележан родов јаз од 0,6 сметки повеќе во корист на мажите (2,2 сметки по глава на жител[9] од машки пол наспроти 1,6 сметки по глава на жител од женски пол)[10]. Имено, на крајот на 2021 година 42,9% од сметките им припаѓаат на жени, додека 57,1% на мажи. Сепак, во

Графикон 8
Трансакциски сметки - родова структура, по глава на жител



Извор: НБРСМ

[9] За податоците поврзани со населението од аспект на родовата и старосната структура се користени податоци од Државниот завод за статистика за 2021 година.

споредба со мажите, жените во текот на 2021 година биле поактивни пристапувачи преку дигиталните канали кон своите сметки правејќи најмалку еден увид во состојбата или промените, како и поактивни плаќачи, користејќи ги погодностите на интернет-банкарството или мобилните платежни апликации. Така, од сметките во сопственост на жените и со можност за иницирање плаќања преку интернет-банкарство или мобилна платежна апликација жените користеле 41,6%, додека во истиот период мажите користеле 39,5% од своите сметки со таа можност.

Од аспект на **возрасната структура**, граѓаните од возрасната група од 35 до 44 години, на која ѝ припаѓаат 13,9% од вкупното население, се сопственици на најголемиот број сметки на резидентите (22,1% или 2,9 сметки по глава на жител). Оваа возрасна група преовладува во активното користење на сметките за извршување плаќања преку интернет-банкарство или мобилни платежни апликации, учествувајќи со 29,7% во вкупниот број сметки на активни плаќачи и со 25,7% во вкупниот број сметки на активни пристапувачи. Слични движења се воочуваат и кај возрасната група од 25 до 34 години, на која ѝ припаѓаат 13% од вкупното население во земјата, а која учествува со 24,4% во вкупниот број сметки на активни плаќачи и со 23,7% во вкупниот број сметки на активни пристапувачи. Имајќи ја предвид правната рамка којашто обврзува исплатата на пензии во земјата да се остварува преку трансакциски сметки, се потврдува висока финансиска вклученост и на возрасните групи од 65 до 74 години и над 74 години кои поседуваат 2,1 и 2,8 сметки по глава на жител, соодветно. Сепак, граѓаните на возраст над 74 години се сопственици на незначителен број сметки на активни плаќачи по глава на жител, коешто произлегува од веројатноста за пониската дигитална вклученост и користење на дигиталните канали за плаќање од страна на оваа возрасна група. Општо земено, помладата популација поактивно ги користи дигиталните канали за увид во состојбата и промените на сметките и за извршување електронски плаќања, при што нивното користење опаѓа постепено со зголемувањето на возраста на населението.

Графикон 9
Трансакциски сметки – старосна структура по возрасни групи, по глава на жител



Извор: НБРСМ

Бројот на блокирани трансакциски сметки на крајот од 2021 година изнесуваше 223,4 илјади, или 5,91% од вкупните трансакциски сметки (коишто се во сопственост на 103,6 илјада депоненти) и оствари годишен раст од 0,5% во однос на 2020 година. Од нив, 187 илјади блокирани сметки им припаѓаат на 78,2 илјади физички лица, при што се забележува умерен раст од 2% на годишна основа (наспроти 184 илјади блокирани сметки во сопственост на 76,5 илјади физички лица во 2020 година). Бројот на блокирани сметки на правни лица (36,5 илјади блокирани сметки во сопственост на 25,4 илјади правни лица) е намален за 5% во споредба со изминатата 2020 година.

Графикон 10

Годишни промени кај блокираните сметки (%)

Извор: НБРСМ

2.2 ПЛАТЕЖНИ КАРТИЧКИ, УРЕДИ НА МЕСТА НА ПРОДАЖБА И БАНКОМАТИ

Табела 3

Платежна инфраструктура за плаќања со картички

ПЛАТЕЖНА ИНФРАСТРУКТУРА	2019	2020	2021
Вкупно картички со платежна функција	**1.847.394**	**2.114.133**	**2.125.888**
од кои според функцијата на картичката			
дебитна	1.474.423	1.756.294	1.754.171
кредитна	372.971	357.839	371.717
од кои според брендот на картичката			
Мастер кард	793.744	899.085	922.100
Виза	1.004.154	1.173.563	1.161.512
Останати брендови	66.329	63.914	59.784
од кои според технологија на плаќања			
контактни /бесконтактни	979.576	1.317.290	1.450.704
бесконтактни	10	1.476	2.144
интернет	19.638	10.872	11.410
Банкомати	**1.041**	**991**	**981**
со функција за депонирање готовина	164	197	201
со функција на кредитен трансфер	356	358	297
Уреди за електронски трансфер на средства на физички места на продажба	**28.380**	**28.262**	**29.807**
контактни /бесконтактни	21.035	23.640	25.008
Уреди на виртуелни места на продажба (интернет-продажни места)	**1.020**	**1.384**	**1.696**

Извор: НБРСМ

Вкупниот број платежни картички на крајот на 2021 година изнесуваше 2,1 милион картички и бележи годишен раст од 0,6%. Од вкупниот број платежни картички, 83% им припаѓаат на платежните картички со дебитна функција и 17% се картички со кредитна функција, задржувајќи го истото структурно учество како во претходните три години. Притоа, физичките и правните лица најмногу ги поседуваат картичките од брендот „виза" (54%), по што следува брендот „мастер кард" (43%), додека останатите брендови се релативно малку застапени (3%).

Од аспект на технологијата на плаќањата, на крајот на 2021 година, од 2,1 милион картички издадени во Република Северна Македонија, 68,3% картички се засновани на бесконтактна технологија што во однос на крајот на 2020 година претставува зголемување на структурното учество на картички засновани со бесконтактна технологија во вкупниот број картички со платежна функција за 6 п.п.

Покрај инфраструктурата којашто поддржува прифаќање електронски плаќања во земјата, развојот на дигитализацијата отвори иновативни можности за крајните корисници, нудејќи им дигитализирани платежни картички. На крајот од 2021 година, бројот на дигитализираните платежни картички за вршење плаќања преку мобилни телефони и преку други паметни уреди за вршење бесконтактни плаќања, достигна 43.638, од кои најголемиот процент (75,7%) се со дебитна функција, а остатокот им припаѓа на картичките со кредитна функција.

За примена на бесконтактната технологија, паралелно со растот на бројот на контактно-бесконтактните картички, забележлив е и годишен раст од 5,9% на бројот на уреди инсталирани на продажните места коишто покрај контактна, поддржуваат и бесконтактна технологија, со што достигнаа учество од 83,7% во вкупниот број уреди за електронски плаќања на физичките места на продажба на крајот на 2021 година (25.008 контактно-бесконтактни уреди од вкупно 29.807 уреди за електронски трансфер на средства инсталирани на физичките места на продажба).

Графикон 11

Годишни промени на бројот на платежни картички и уредите на физичките места на продажба, според технологијата на плаќањата (%)



Извор: НБРСМ

Зголемена понуда и употреба на современи дигитални уреди за вршење на плаќањата во 2021 година се забележува и преку стабилниот раст од 2% на бројот на банкоматите со дополнителна функција за депонирање готовина, покрај за повлекување (201 банкомат).

На крајот на 2021 година, е забележан годишен пад од 1,8% кај вкупниот број трговци во земјата коишто прифаќаат плаќања со платежни картички (12.885),

предизвикан од падот на бројот на трговците на физичките места на продажба за 3,1% (11.539). Од друга страна, пак, потребата од одржување на социјалната дистанца за заштита на граѓаните ги насочи компаниите кон отворање виртуелни продавници. Така, во споредба со минатата година, е забележан годишен раст на бројот на трговци коишто прифаќаат плаќања со картички на виртуелните места на продажба за 11,2% (1.346). Од аспект на активноста на трговците, забележано е дека 91,1% од вкупниот број трговци, биле активни[11] во текот на 2021 година, при што високата активност произлегува пред сè од бројот на трговците на физичките места на продажба (11.738 или 92,5% структурно учество на активните трговци во рамките на вкупниот број трговци на физичките места на продажба), додека, пак, бројот на активните трговци на виртуелните места на продажба изнесуваше 1.059, коишто сочинуваат 78,7% од вкупниот број трговци коишто прифаќаат плаќања со картички на виртуелните места на продажба.

Граѓаните и компаниите во земјата го остваруваат физичкиот пристап за иницирање трансакции, повлекување готовина, како и за плаќање со платежни картички во земјата преку 401 експозитура и 981 банкомат во земјата, односно 1.361 уред на физички места на продажба лоцирани во јавни служби и државни институции и 28.462 уреди лоцирани на физичките места на продажба во трговијата на крајот на 2021 година. Од аспект на инфраструктурната покриеност за вршење на плаќањата на десет илјади жители, најголема покриеност со експозитури на илјада жители имаат градовите Ресен и Пехчево, најголема застапеност на банкомати е забележана во Скопје, Дојран и Гевгелија, најголем број уреди на физичките места на продажба во јавни служби и државни институции има во Скопје (Општина Центар), Дојран и Гевгелија, додека, пак, најголема покриеност со уреди на физичките места на продажба во трговијата е евидентирана во Гевгелија, Охрид и Скопје. Во рамките на Градот Скопје, од аспект на целосната инфраструктура за извршување на плаќањата, најголема покриеност имаат општините Центар, Аеродром и Карпош.

Табела 4

Распределба на инфраструктура за плаќања по општини во земјата – експозитури, банкомати, уреди на физичките места на продажба

	Вкупен број	**Општини со најголема покриеност на 10.000 жители**	**Општини со најголема покриеност 10.000 жители во градот Скопје**
Експозитури	401	Ресен (6),Пехчево (5)	Центар (13), Карпош (3), Аеродром (3), Кисела Вода (3)
Банкомати	981	Скопје (10), Дојран (10), Гевгелија (9)	Центар (60), Карпош (9), Аеродром (6)
Број на уреди на физички места на подажба во јавни служби и државни институции	1361	Дојран (19), Гевгелија (18)	Центар (119)
Број на уреди на физички места на подажба во трговијата	28462	Гевгелија (307), Охрид (291), Скопје (263)	Центар (1687) Карпош (302)

[11] „Активни трговци" се регистрирани трговци, преку чие продажно место во текот на календарската година за којашто се известува е извршено најмалку едно плаќање.

Споредбената анализа на податоците за банкомати и уреди на физичките места на продажба во Република Северна Македонија, со земјите од ЕУ (старите земји членки на ЕУ и земјите од групата ЦИЈЕ) покажува дека, во земјата постои релативно добра застапеност со банкомати и уреди на физички места на продажба. Имено, бројот на банкоматите во земјата изнесува 534 банкомати на милион жители, што е над просекот во споредба со просечниот број банкомати во земјите од групата ЦИЈЕ (468), односно под просекот во споредба со старите земји членки на ЕУ (777). Најдобра покриеност со банкомати на милион жители имаат Австрија (1437), Португалија (1389) и Хрватска (1209), а најмала Холандија (139). Од аспект на бројот на уредите на физичките места на продажба, во земјата се поставени 16.237 уреди на физичките места на продажба на милион жители, што е помалку за 2,3 пати од просекот на старите земји членки на ЕУ (36.798), но релативно поблиску до просекот на земјите од групата ЦИЈЕ (22.249).

Графикон 12
Број на банкомати на 1.000.000 жители



Графикон 13
Број на уреди на физичките места на продажба на 1.000.000 жители



Извор: НБРСМ

3. ПЛАТНИ СИСТЕМИ ВО ЗЕМЈАТА

Во Република Северна Македонија плаќањата во денари се извршуваат преку повеќе платни системи преку кои се разменуваат информации и се порамнуваат трансакции со примена на анализираните платни инструменти. Платните системи преку кои се извршуваат плаќањата во земјата се Македонскиот интербанкарски платен систем – МИПС [12],

[12] МИПС – Македонскиот интербанкарски платен систем е систем за бруто-порамнување во реално време (RTGS) на плаќањата, чиј оператор и сопственик е Народната банка и главно се користи за плаќањата со висока вредност и за итните меѓубанкарски плаќања.

Клириншките интербанкарски системи – КИБС[13] и Интернационалниот картичен систем – КАСИС[14]. Сите деловни банки имаат сметки кај Народната банка преку кои во рамките на МИПС ги порамнуваат меѓусебните трансакции, трансакциите со Народната банка и трансакциите со државата и државните органи. Покрај преку МИПС, плаќањата на износ до 1 милион денари вообичаено се извршуваат преку системот за мали плаќања КИБС.

Графикон 14
Учество на платните системи во вкупната вредност на трансакции во 2021 година (%)

Графикон 15
Учество на платните системи во вкупниот број трасакции во 2021 година (%)

Извор: НБРСМ

Во 2021 година, вкупната вредност на трансакциите во земјата остварена преку платните системи – МИПС, КИБС[15] и КАСИС[16] достигна 19.480 милијарди денари, при остварени 31,7 милиони трансакции, забележувајќи годишен раст од 23,9%, односно 7%, соодветно. Од аспект на вредноста на трансакциите, најголемиот дел се извршени преку платниот систем МИПС, и тоа 98%, додека останатиот дел од 2% од вкупните плаќања се извршени преку платниот систем КИБС. Во структурата на бројот на трансакции во истиот период, најголемо учество забележа платниот систем КИБС (77%), по што следува платниот систем МИПС со 23%, додека КАСИС има мало учество (0,04%).

Нето-порамнувањата на плаќањата преку платниот систем КИБС и платниот систем КАСИС се вршат на редовна основа преку системот за порамнување МИПС, којшто во 2021 година работеше 248 дена, при висока достапност за учесниците во системот од 99,99%.

---

13 Клириншката куќа „Клириншки интербанкарски системи" АД Скопје е оператор на системот за мултилатерално одложено нето-порамнување за обработка на мали плаќања, чиј износ не надминува 1.000.000 денари

14 Интернационалниот картичен систем АД Скопје (КАСИС) претставува систем за мултилатерално одложено нето-порамнување на плаќањата со домашни брендови на платежни картички.

15 Клириншката куќа „Клириншки интербанкарски системи" АД Скопје е оператор на платниот систем за мултилатерално одложено нето-порамнување за обработка на мали плаќања, чиј износ не надминува 1.000.000 денари.

16 Интернационалниот картичен систем АД Скопје (КАСИС) претставува систем за мултилатерално одложено нето-порамнување на плаќањата со домашни брендови на платежни картички.